20141855736

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РМ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3 а во врска со член 109 став (2) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 10.12.2014 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ПАРАМЕТРИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА КОНТРОЛА И МЕРЕЊЕ, СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО КВАЛИТЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ

Член 1
Предмет

(1) Со овој правилник се пропишуваат параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги, начинот и постапката за вршење на контрола и мерење, содржината, формата и начинот на објавување на информации во врска со квалитетот на јавните електронски комуникациски услуги од страна на Агенцијата за електронски комуникации, во натамошниот текст Агенцијата.

(2) Агенцијата ги контролира и мери параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги, што се утврдени во овој правилник, а особено за следниве јавни електронски комуникациски услуги:

- јавни фиксни телефонски услуги
- јавни мобилни телефонски услуги
- јавни услуги за пренос на податоци
- јавни услуги за дистрибуција на радио и телевизиски програми преку кабелска или радио комуникациска мрежа.

Член 2
Обврска на операторите за квалитет на јавни електронски комуникациски услуги

(1) Операторот треба да обезбеди квалитет на јавните електронски комуникациски услуги во согласност со Законот за електронските комуникации и овој правилник.

(2) Операторот треба да обезбеди користење на услугите со минимално ниво на квалитет согласно декларираните параметри за квалитет како што е наведено во член 3 од овој Правилник.

(3) При мерењата, Агенцијата ќе ги земе во предвид документите кои се однесуваат на параметрите за квалитет на Телото на европските регулатори за електронски комуникации (BEREC), стандардите и/или техничките спецификации на Европскиот телекомуникационен институт за стандардизација (ETSI), Европскиот комитет за стандардизација (CEN), Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC), Меѓународната унија за телекомуникации (ITU), Меѓународната организација за стандардизација (ISO), Меѓународната електротехничка комисија (IEC) и Европската конференција на администрациите за пошти и телекомуникации (CEPT).

Член 3
Информации за квалитетот на услуги кои ги обезбедуваат операторите

(1) Операторот треба податоците кои се однесуваат на параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги да ги достави до Агенцијата и да ги објави на својата веб-страна најдоцна 30 дена по истекот на соодветниот период за доставување извештај.

(2) Параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги од став (1) од овој член се дадени во Прилог 1 и Прилог 2 кои се составен дел на овој правилник.

(3) Операторот треба на барање од Агенцијата да ги достави податоците од став (1) на овој член во рок од 7 дена од денот на приемот на барањето.

(4) Агенцијата на својата веб страна ги објавува споредбените податоци од мерењето на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги што го врши Агенцијата.

(5) Агенцијата може да го задолжи операторот на јавни електронски комуникациски услуги за обезбедување на определен минимален квалитет на услугата во согласност со Законот за електронските комуникациии и овој правилник. Задолжувањето може да се однесува на подобрување на одделен параметар од овој правилник.

Член 4
Дефиниции

Во овој правилник, покрај дефинициите од Законот за електронските комуникации, се употребуваат и дефиниции и појаснувања со следното значење:

(а) Подрачје без мрежна покриеност претставува дел од територијата на Република Македонија каде операторот не обезбедува јавни мобилни електронски комуникациски услуги.

(б) Систем за анализа на пакети (Deep packet inspection) претставува систем кој врши анализа на пакетите кои се пренесуваат во мрежата на операторот, овозможува нивно класифицирање и филтрирање.

Член 5
Начин на мерење

(1) Агенцијата врши редовно мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги, како и мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги врз основа на покренат спор, доколку за тоа има потреба, од претплатник или од краен корисник.

(2) Операторите треба на Агенцијата да и обезбедат услови за вршење контрола и мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги што им ги обезбедуваат на своите претплатници или крајни корисници.

(3) Во случај на покренат спор пред Агенцијата кој се однесува на параметрите за квалитет на услугите што операторот му ги обезбедува на претплатникот или крајниот корисник за што двете страни склучиле договор, потребно е на стручните лица од Агенцијата да им се овозможи пристап до терминалната опрема за да може да се направи проверка на параметрите дали се во согласност со оние кои се пропишани во договорот.

Член 6

Мониторинг на јавни електронски комуникациски услуги за пристап на интернет преку кабелска мрежа

(1) Заради следење на користењето и развојот на широкопојасниот пристап до услуги (broadband), Агенцијата ќе имплементира систем за мониторинг на параметрите за квалитет на услугите за пристап на интернет.

(2) Системот за мониторинг на параметрите за квалитет на услугите за пристап на интернет има за цел да обезбеди:

- транспарентност за квалитетот на пристапот на интернет за крајните корисници и
- следење на квалитетот на пристапот на интернет во поглед на потенцијални деградации на услугата.

(3) Системот претставува апликативно-хардверско решение, при што делови од системот ќе бидат поставени кај точката за размена на интернет сообраќајот, кај секој оператор кој има меѓународен договор за интернет поврзување и кај панел на крајни корисници-волонтери.

(4) Системот ќе овозможува мерење на параметрите за квалитет на услугата во рамките на мрежата на операторот (он-нет) и неговата поврзаност со другите оператори (оф-нет).

Член 7

Транспарентност за квалитетот на пристапот на интернет за крајните корисници преку кабелска мрежа

(1) Преку системот за мерење на параметрите за квалитет (веб пристап или модули на апликацијата кои се инсталираат на терминални уреди), претплатниците можат да вршат самостојни мерења од информативен карактер за квалитетот на услугите кои ги добиваат од операторите.

(2) Резултатите од овие мерења, заедно со податоците внесени од корисникот ќе се користат за подготовка на сумарни статистички резултати кои што се објавуваат јавно на веб страната на Агенцијата.

Член 8

Параметри за квалитет на јавни електронски комуникациски услугите за пристап на интернет преку кабелска мрежа

Агенцијата и операторите вршат мерења минимум на следните параметри за квалитет на јавни електронски комуникациски услуги за пристап на интернет на ИП ниво:

Бр.	Параметар	Дефиниција	Определување на вредност и мерна единица
1.	Брзина на пренос	Брзина на пренос на податоци што се постигнува посебно за прикачување (Upload) и симнување (download) на определени тест фајлови помеѓу оддалечен веб сајт и корисничкиот компјутер (ETSI EG 202 057-04 дел 5.2)	Минимална и средна вредност Изразено во Mbit/s или kbit/s
2.	Доцнење	Доцнење (delay) е пола од времето во милисекунди кое е потребно за ICMP Echo Request/Reply (Ping) до валидна IP адреса. (ETSI EG 202 057-04 дел 5.5)	Средна вредност Изразен во ms
3.	Варијација на доцнење	За даден пар на IP пакети, варијација на доцнење (Delay variation) претставува разлика на доцнењето во еден правец, мерено за два последователни пакети. (како што е дефиниран во ITU-T Препорака Y.1540 дел 6.2.4 и со метод на пресметка базиран на ITU-T ПрепорakaY.1541 Annex II)	Средна вредност Изразен во ms
4.	Однос на загубени пакети	Однос на загубени пакети (Packet loss ratio) е однос на вкупниот број на загубени пакети на излезот и вкупниот број на испратени пакети за популацијата од интерес. (ITU-T Rec. Y.1540 дел 6.4)	Средна вредност Изразен во $x10^{-3}$

Член 9

Мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги за пристап на интернет преку кабелска мрежа

(1) Операторите кои имаат меѓународни договори за интернет поврзување, треба на Агенцијата да и обезбедат услови за инсталирање на модули од системот, за кои што ќе обезбедат соодветна хардверска инфраструктура, електрично напојување, статичка IP адреса како и да обезбедат целосна заштита на системот, со доволен капацитет за интернет пристап. На своите претплатници и претплатниците на сите други оператори на кои им обезбедуваат интернет пристап треба да им овозможат далечиниски пристап до модулот, како и да овозможат непречена комуникација на системот за мерење на параметрите за квалитет со модулот, преку интернет.

(2) Операторите коишто немаат меѓународни договори за интернет поврзување а кои имаат договори за интернет пристап со домашни оператори, треба на своите претплатници да им овозможат пристап до системот за мерење на параметрите за квалитет и да обезбедат доволен капацитет преку операторот со кого што имаат склучено договор за пристап до системот за мерење на параметрите за квалитет и неговиот модул.

(3) Операторите не треба преку своите системи за анализа на пакети (Deep packet inspection) или на друг начин, да им даваат приоритет или да вршат блокирање на пакетите од претплатниците до системот за мерење на параметрите за квалитет.

(4) Квалитетот на услугата и параметрите за квалитет кои се однесуваат на делот од точките за интерконекција со меѓународните оператори и веб сервисите до кои пристапуваат претплатниците, не се предмет на контрола на овој правилник, освен за ограничувања на услугите кои се имплементирани од страна на операторите.

Член 10

Мерења на параметрите за квалитет на услуги што се обезбедуваат преку радиокомуникациска мрежа

Агенцијата со користење на мерна опрема врши редовни мерења на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги што се обезбедуваат преку радиокомуникациска мрежа.

Член 11

Параметри за квалитет на услугите што се обезбедуваат преку радиокомуникациска мрежа

(1) Агенцијата врши мерења на следниве параметри за квалитет на услугите што се обезбедуваат преку радиокомуникациска мрежа дефинирани во Прилог 4 на овој правилник, кој е негов составен дел:

а) параметри во зависност од технологија:

- Ниво на мерен сигнал (одделно по технологии)

б) параметри во зависност од услугите:

- Говорни услуги:
- Достапност до мрежа,
- Пристапност до услуга (процент на неуспешни повици),
- Одржливост на услуга (процент на прекинати повици),
- Време на воспоставување на повик
- Квалитет на говор
- Пренесени SMS пораки
- Пренос на податоци:

1. Неуспешни обиди за прикачување на пакетски комутирана мрежа-Attach Failure Ratio (AFR) (%)
2. Неуспешни PDP контекст обиди за активација-Packet Data Protocol (PDP) Context Activation Failure Ratio (CAFR) (%)
3. Неуспешни обиди за воспоставување на IP конекција со сервер-Service Access Failure Ratio (SAFR) (%)
4. Прекинати сесии на услугата-Service Session Failure Rate (SSFR) (%)
5. Брзина за пренос на податоци преку радиокомуникациска мрежа (GPRS, EDGE, 3G, LTE и 4G)

(2) Операторот е должен бесплатно да обезбеди технички услови, од типот: Сим картички без ограничување на говор, дата, смс/ммс, IVR броеви за говор, броеви за смс/ммс, фтп/хттп сервер за дата, кои ќе се користат за потребите за мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги. Операторот не смее да додели било какви приоритети на сим картичките доделени за користење при мерење на параметрите на квалитет на јавните електронски комуникациски услуги и/или на IMEI-те на мобилните телефони кои ги користи Агенцијата за оваа намена.

(3) Операторот е должен на барање на Агенцијата да обезбеди можност за прикачување на фајлови, со вкупна големина не поголема од 300 MB, на негов фтп/хттп сервер со цел

мерење на брзини на пренос на податоци, во рок неподолг од 7 денови од денот на барањето. Серверите не смеат да бидат јавно достапни.

(4) Агенцијата врши мерења и на сигналот за дигитална терестријална телевизија (DVB-T). Операторите на DVB-T треба да ги задоволуваат нормативите кои се наведени во Финалните акти на регионалната конференција за радиокомуникации за планирање на дигитална терестријална радиодифузна служба во делови од регионите 1 и 3, во фреквенциските опсези 174-230 MHz и 470-862 MHz (RRC-06).

Член 12

Тест рути и/или тест локации

(1) Мерењата на параметрите за квалитет се вршат на тест рути и/или тест локации.

(2) При креирањето на тест рутите и тест локациите се земаат во предвид Упатствата од ETSI EG 202 057 и истите се содржани во зоните дефинирани во Прилог 7 на овој правилник.

(3) Одредени тест рути може да содржат и места каде операторот нема декларирано покриеност со мрежа и се дефинирани во Прилог 6 на овој правилник. Во овој случај мерењата би им овозможиле на корисниците на услуги лесен увид во параметрите за квалитет, нивото на мерен сигнал и технологијата со која операторот ги обезбедува услугите, како и споредба помеѓу два или повеќе оператори.

(4) Резултатите добиени од извршените мерења можат да бидат споредувани само доколку е користена истата мерна методологија.

(5) Мерењата на параметрите за квалитет на тест локации може да се вршат на локации каде операторот има декларирано покриеност со мрежа и корисникот на услугата очекува да добие услуга. Ваквите мерења се вршат за потврда на условите содржани во договорот помеѓу операторот и крајниот корисник.

(6) Мерењата од став (5) од овој член се вршат според методологии пропишани во Прилог 5 на овој правилник.

Член 13

Методологии на мерење

Агенцијата креира методологии на мерење со кои ќе се мерат параметрите за квалитет на услуги на јавните радиокомуникациски мрежи. Методологиите по кои ќе се извршуваат мерењата се дадени во Прилог 5 на овој правилник.

Член 14

Достава на податоци за мрежна покриеност

(1) Операторите треба на квартално ниво, во рок од 30 дена по завршувањето на кварталот, да доставуваат до Агенцијата податоци за мрежната покриеност на својата мрежа и локациите на базните станици со своите карактеристики, согласно упатството дадено во Прилог 3 на овој правилник, како и податоците за мрежната покриеност, согласно со одобрението за користење на радиофреквенции.

(2) Параметрите за мрежна покриеност и мапите за мрежна покриеност што ги доставуваат операторите до Агенцијата се дефинирани во Прилогот 3.

Член 15

Мерење на квалитетот на услугите за дистрибуција на радио и телевизиски порограми преку кабелска или друга јавна комуникациска мрежа со систем за споредба и анализа на квалитетот

(1) Агенцијата врши мерење на квалитетот на услугите за дистрибуција на радио и телевизиски порограми преку кабелска или друга јавна комуникациска мрежа преку воспоставен систем за споредба на квалитетот на телевизиските програми што се пренесуваат преку различни оператори и истите ќе бидат објавени на веб страницата на Агенцијата.

(2) Системот се базира на алгоритам за анализа на слика, кој се развива со вршење на испитување на мислење на одреден број на гледачи, и има дефиниран број на нивоа на квалитет.

(3) Агенцијата собира примероци за квалитетот без дополнителна обработка од терминалната опрема на претплатниците и истите се процесираат преку системот, при што резултатите ќе бидат јавно објавени, со податок за операторот, локацијата каде е земен примерокот и времето кога е земен примерокот.

Член 16

Објавување на податоците од мерењата

(1) Агенцијата ќе ги објави податоците од сопствените мерења на веб страницата, со статистички приказ, поделен по зони согласно Прилог 7 од овој Правилник и по оператори, со приказ на бројот на извршени мерења, кои учествуваат во анализата. Податоците од мерењата ќе бидат во форма и на начин, така што ќе бидат лесно читливи и разбирливи за читателот.

(2) Објавените податоци од мерењата ќе им овозможат на граѓаните лесен увид во параметрите за квалитет, нивото на мерен сигнал и технологијата со која операторот ги обезбедува услугите, како и споредба помеѓу два или повеќе оператори. Агенцијата ќе објавува податоци од мерењата на национално ниво, по зони и по репрезентативни области во зоните.

(3) Доколку со мерењата биде утврдено дека на одредено подрачје операторот нема мрежна покриеност или нивото на мерен сигнал е пониско од нивото дефинирано во Прилог 3 од овој правилник, истото ќе биде определено како подрачје без мрежна покриеност на операторот од страна на Агенцијата, за што ќе биде известен операторот да направи соодветна корекција на мапата на покриеност или да направи корекција на покриеноста на теренот така што измерената покриеност ќе одговара со онаа прикажана на мапата.

(4) Изгледот и формата на извештајот од сопствените извршени мерења на Агенцијата за квалитетот на услуги кои ги обезбедуваат операторите е даден во ПРИЛОГ 8.

Член 17

Влегување во сила

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за вршење на контрола и мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги („Службен весник на Република Македонија“

број 124/2012) како и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за начинот и постапката за вршење на контрола и мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 19/2014).

По влегувањето во сила, Правилникот ќе биде објавен на веб-страната на Агенцијата.

Бр. 0201-2704/1
10 декември 2014 година
Скопје

Директор,
Роберт Орданоски, с.р.

ПРИЛОГ 1

ВРЕДНОСТИ ЗА ПАРАМЕТРИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ

Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи треба да ги објавуваат податоците од мерењата на сите параметри за квалитет на услугите наведени во Прилог 1 на својата веб страница. Мерењата на параметрите за квалитет на услугите наведени во Прилог 1 се вршат на начин и според постапка утврдени во составните делови на ETSI EG 202 057, во согласност со Табелата од Прилог 1.
Параметрите кои треба да се мерат и за кои треба да се доставува годишен извештај до Агенцијата опфаќаат:

I. Параметри за квалитет на јавни електронски комуникациски услуги преку фиксна мрежа

- време на почетно приклучување за пристап на јавна комуникациска мрежа на фиксна локација;
- време на почетно приклучување за широкопојасен пристап до услуги;
- време на воспоставување на повик;
- број на неуспешни повици;
- број на пречки на претплатничка линија;
- време на отстранување на пречка на фиксна претплатничка линија;
- број на пречки на фиксна претплатничка линија отстранети следниот работен ден;број на приговори на претплатниците за широкопојасен пристап до услуги
- број на приговори на претплатниците за висина на сметката;
- време на одговор на операторска услуга;
- време на одговор на службата за информации.

II. Параметри за квалитет на јавни мобилни телефонски услуги преку радиокомуникациска мрежа

- број на приговори на претплатниците;
- број на приговори на претплатниците за висина на сметката;
- време на одговор на операторска услуга;
- време на испорака на SMS од-крај-до-крај.

III. Параметри за квалитет на јавни услуги за пренос на податоци преку радиокомуникациска мрежа

- број на успешни пристапувања (log-in) и
- број на приговори на претплатниците за мобилен широкопојасен пристап до услуги.

ВРЕДНОСТИ НА ПАРАМЕТРИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ЗА ПРЕНОС НА ГОВОР ПРЕКУ ФИКСНА МРЕЖА		
Дефиниција	**Мерење**	**Период за доставување на извештај во АЕК**
Време на почетно приклучување за пристап на јавна комуникациска мрежа на фиксна локација		
Времетраење од моментот кога операторот кој ја обезбедува услугата добива барање за валиден сервис, до моментот кога сервисот станува достапен за крајниот корисник. Ова вклучува случаи кога се инсталира нова пристапна линија; постоечката линија е превземена од друг корисник; или се прави надградба на постоечката линија.	➢ % на барања завршени до датумот кој е договорен со корисникот; ➢ Мерењето да се направи во согласност со **ETSI EG 202 057-1**	➢ Годишно
Време на почетно приклучување за фиксен (жичан) широкопојасен пристап до услуги		
Време на почетно приклучување за фиксен широкопојасен пристап до услуги се однесува на времето од датумот на барањето до датумот на активирање на услугата. Треба да се наведе средното време на приклучување за сите нови барања примени во текот на годината.	➢ Се доставува вкупен број на барања за почетно приклучување на годишно ниво и средна вредност на време за почетно приклучување	➢ Годишно
Време на воспоставување на повик		
Период кој почнува од моментот кога информацијата потребна за воспоставување на повикот е примена од мрежата и завршува кога оној кој го генерира повикот прима сигнал или за зафатено или сигнал за ѕвонење.	➢ Средна вредност (во секунди); ➢ Мерењето да се направи во согласност со **ETSI EG 202 057-2**	➢ Годишно
Број на неуспешни повици (%)		
Однос од неуспешните повици и вкупниот број на обиди за воспоставување на повик во специфициран временски период. Неуспешен повик е обид за повик кон валиден телефонски број, при што оној кој го генерира повикот на пристапната линија не препознава тон за зафатено, или пак тон за ѕвонење, или пак сигнал за одговор во текот на 30 секунди од моментот кога информацијата за бројот која е потребна за воспоставување на повикот е примена од мрежата.	➢ % на неуспешни повици; ➢ Мерењето да се направи во согласност со **ETSI EG 202 057-2**	➢ Годишно

Број на пречки по претплатничка линија		
Број на пречки по претплатничка линија е бројот на деградирани сервиси, пријавени од корисникот и тие пречки му се припишуваат на операторот кој ја обезбедува услугата или на било која јавна комуникациска мрежа. Пречки во некоја опрема на страната на корисникот се исклучуваат.	➢ Број на пријавени пречки на годишни ниво и просечен број на претплатнички линии за истата година; ➢ Мерењето да се прави во согласност со **ETSI EG 202 057-1**	➢ Годишно
Време на отстранување на пречки на фиксни претплатнички линии		
Период кој почнува од моментот кога корисникот ќе го извести операторот кој ја обезбедува услугата за некоја пречка, до моментот кога сервисот ќе биде вратен во нормален режим на работа.	Време за кое се отстрануваат валидните пречки на пристапната линија (во часови); ➢ Мерењето да се прави во согласност со **ETSI EG 202 057-1**	➢ Годишно
Број на пречки на фиксна претплатничка линија отстранети следниот работен ден		
Број на пречки на фиксна претплатничка линија отстранети следниот работен ден се однесува на број на пријавени пречки кои што се отстранети до крајот на следниот работен ден (не вклучувајќи викенди и празници)	➢ Број на пречки на фиксна претплатничка линија отстранети следниот работен ден	➢ Годишно
Број на приговори на претплатниците за широкопојасен пристап до услуги		
Број на приговори на претплатниците за (жичен) широкопојасен пристап до услуги ги вклучува сите приговори во врска со обезбедувањето на фиксни (жичени) широкопојасни услуги примени во годината, без разлика на валидноста и предметот на приговорот.	➢ Се доставува број на приговори на годишно ниво и просечен број на претплатници за (жичен) широкопојасен пристап до услуги за истата година	➢ Годишно
Број на приговори на претплатниците за висина на сметката (%)		
Дел од сметките за кои претплатниците поднеле основан приговор за нивната висина.	➢ Процент од сметките за кои претплатникот има приговор за нивната висина	➢ Годишно
Време на одговор на операторска услуга		
Времетраење од моментот кога информацијата за бројот потребна за воспоставување на повик е примена од страна на мрежата, до моментот кога операторот ќе му одговори на корисникот за да ја обезбеди бараната услуга. Услуги кои се обезбедуваат автоматски, се исклучени.	➢ Средно време на одговор на операторска услуга; ➢ Мерењето да се направи во согласност со **ETSI EG 202 057-1**	➢ Годишно

Време на одговор на службата за информации		
Времетраење од моментот кога информацијата за бројот потребна за воспоставување на повик е примена од страна на мрежата, до моментот кога човек-оператор или автоматскиот гласовен систем ќе му одговори на корисникот и ќе му ја обезбеди информацијата за бараниот број.	➢ Време за одговор на службата за информации; ➢ Мерењето да се направи во согласност со **ETSI EG 202 057-1**	➢ Годишно

ВРЕДНОСТИ НА ПАРАМЕТРИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИ МОБИЛНИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ ПРЕКУ РАДИОКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА		
Дефиниција	**Мерење**	**Период за доставување на извештај во АЕК**
Број на приговори на претплатниците		
Број на сите приговори во врска со обезбедувањето на мобилни услуги (вклучувајќи говор, СМС и податоци) примени во текот на годината без разлика на нивната валидност	➢ Се доставува бројот на приговори на годишно ниво и просечниот број на претплатници за истата година	Годишно
Број на приговори на претплатниците за висина на сметката		
Дел од сметките за кои претплатниците поднеле основан приговор за нивната висина.	➢ Мерењето да се прави во согласност со **ETSI EG 202 057-3**	➢ Годишно
Време на одговор на операторска услуга		
Времетраењето од моментот кога информацијата за бројот потребна за воспоставување на повик е примена од страна на мрежата до моментот кога операторот ќе му одговори на корисникот за да ја обезбеди бараната услуга. Услуги кои се обезбедуваат автоматски, се исклучени.	➢ Средно време на чекање на претплатникот	➢ Годишно
Време на испраќање на SMS		
Време на испраќање на SMS од крај до крај е период кој започнува од моментот на испраќање на SMS од терминалната опрема и завршува со приемот на истата SMS на друга терминална опрема.	➢ Средна вредност во секунди за испраќање и примање на кратки пораки; ➢ Мерењето да се направи согласно **ETSI EG 202 057-2**	➢ Годишно

ВРЕДНОСТИ НА ПАРАМЕТРИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ЗА ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ ПРЕКУ РАДИОКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА		
Дефиниција	**Мерење**	**Период за доставување на извештај во АЕК**
Број на успешни пристапувања (log-in)		
Број на успешни пристапувања на Интернет, кога и пристапната мрежа и мрежата на IAP се достапни и се во целосна работна состојба.	➢ % на успешни пристапувања; ➢ **[ETSI EG 202 057-4]**	➢ Годишно
Број на приговори на претплатниците за мобилен широкопојасен пристап до услуги		
Број на приговори на претплатниците за мобилен широкопојасен пристап до услуги се однесува на број на приговори во врска со обезбедување на мобилни широкопојасни услуги без оглед на валидноста и предметот на приговорот.	➢ Се доставува број на приговори и просечен број на претплатници	➢ Годишно

ПРИЛОГ 2

Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, треба да ги објавуваат сопствените мерењата за дел од параметрите за квалитет на услугите наведени во Прилог 2. Параметрите кои треба да се мерат и за кои треба да се доставува извештај на квартално ниво до Агенцијата опфаќаат:

I. Параметри за квалитет на јавни мобилни телефонски услуги преку радиокомуникациска мрежа

- покриеност со мрежа;
- пристапност до услуга- процент на неуспешни повици;
- време на воспоставување на повик;
- одржливост на услуга – процент на прекинати повици;
- пренесени SMS пораки

II. Параметри за квалитет на јавни услуги за пренос на податоци преку кабелска мрежа за широкопојасен пристап на Интернет

- достапност на ресурсите на телефонската централа;
- латентност на мрежата;
- искористеност на опсег;
- брзина на пренос на податоци преку кабелска мрежа за широкопојасен пристап на Интернет.

III. Брзина за пренос на податоци преку радиокомуникациска мрежа (3G, LTE и 4G)

<table>
<tr><th colspan="5">ВРЕДНОСТИ НА ПАРАМЕТРИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИ МОБИЛНИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ ПРЕКУ РАДИОКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА</th></tr>
<tr><th>Дефиниција</th><th>-Декларирано ниво</th><th>Целна вредност</th><th colspan="2">Период за доставување на извештај во АЕК</th></tr>
<tr><td colspan="5">Покриеност со мрежа</td></tr>
<tr><td rowspan="10">Декларирани нивоа на сигнал на мрежа од страна на операторот. Гранични вредности при кои се смета покриеност со мрежа се:
GSM:
RxLev>-95dBm
RxQual<4
UMTS:
CPICH RSCP>-105dBm и CPICH Ec/No > -12 dB
При висина на приемник помеѓу 1.7-3 m</td><td><u>GSM</u></td><td></td><td>Територија %</td><td>Популација %</td></tr>
<tr><td>Добар: RxLev >-85 dBm</td><td></td><td>квартално</td><td>квартално/</td></tr>
<tr><td>Прифатлив: -95 dBm < - RxLev ≤ -85 dBm</td><td></td><td>квартално</td><td>квартално/</td></tr>
<tr><td>Лош: -110 dBm < - RxLev ≤ -95 dBm</td><td></td><td>квартално</td><td>квартално/</td></tr>
<tr><td>Неприфатлив: RxLev ≤ -110 dBm</td><td></td><td>квартално</td><td>квартално/</td></tr>
<tr><td>UMTS</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Добар: CPICH RSCP >-95 dBm</td><td></td><td>квартално</td><td>квартално/</td></tr>
<tr><td>Прифатлив: -105 dBm < CPICH RSCP ≤ -95 dBm</td><td></td><td>квартално</td><td>квартално/</td></tr>
<tr><td>Лош: -115 dBm < - CPICH RSCP ≤ -105 dBm</td><td></td><td>квартално</td><td>квартално/</td></tr>
<tr><td>Неприфатлив: CPICH RSCP ≤ -115 dBm</td><td></td><td>квартално</td><td>квартално/</td></tr>
<tr><td colspan="5">Пристапност до услуга – процент на неуспешни повици</td></tr>
<tr><td>Неуспешен повик е обид за повик кон валиден број, во областа на покривање, при што ниту повикот е одговорен, ниту пак страната која повикува препознава тон за зафатено или пак тон за ѕвонење на пристапот на повикувачот во период од 30 секунди од моментот кога мрежата ја прима последната цифра од бројот на крајниот претплатник.</td><td colspan="2">((Бројот на обиди за завземање на сообраќаен канал-бројот на успешно земање на сообраќаен канал)/ (Бројот на обиди за завземање на сообраќаен канал))*100

ETSI EG 202 057-3

Се доставуваат и поединечни вредности на Бројот на обиди за завземање на сообраќаен канал и бројот на успешно земање на сообраќаен канал</td><td>➢ Процентот на неуспешни повици за национални и интернационални повици < 2 %</td><td colspan="2">➢ Квартално</td></tr>
</table>

Време на воспоставување на повик			
Време на воспоставување на повик може да се дефинира како временски интервал од моментот кога корисникот испраќа барање за конекција, се додека оној кој го генерира повикот не прими ”ALERTING” дека повикот се воспоставил.	➢ Средна вредност на времето на воспоставување на повик	➢ Средната вредност на доцнење после бирање на бројот при нормално оптоварување на мрежата за национални повици: ○ Мобилна кон мобилна: < 7s; ○ Мобилна кон фиксна: < 5s.	➢ Квартално
Одржливост на услуга – процент на прекинати повици			
Процентот на повици кои веќе се успешно воспоставени и веќе имаат доделено сообраќаен канал, а се прекинати пред да бидат завршени од крајниот корисник, а причина е пораното прекинување во мрежата на операторот.	➢ (прекинати повици/успешни повици)*100% Се доставуваат и поединечни вредности на прекинати повици и успешни повици	➢ < 2% за време на busy hour; ➢ <1% во текот на целиот месец.	➢ Квартално
Прекинати повици по базна станица Податоците се доставуваат во excel табела	➢ (прекинати повици/успешни повици)*100%	≤3 повици од 100 повици по базна станица за време на busy hour	➢ Квартално
Пренесени SMS пораки			
Број на пренесени SMS пораки за време <= 2 min	➢ (број на пренесени SMS пораки за време <= 2 min/вкупниот број на пренесени SMS пораки)*100%	> 95 %	Квартално
Брзина за пренос на податоци преку радиокомуникациска мрежа (3G, LTE и 4G)			
Средна брзина на пренос на податоци која се постигнува при симнување на одредени фајлови помеѓу операторот и терминалните уреди на корисниците.	➢ Средна брзина за пренос на податоци (апликативно ниво) преку радиокомуникациска мрежа за сите корисници по оператор (Mbps); покажува средна брзина за пренос на податоци (на апликативно ниво) преку радиокомуникациска мрежа (изразена во Mbps) во временскиот интервал во кој се врши мерењето и се однесува на конкретната разгледувана ќелија како нејзин целосен расположлив капацитет, а не на единечен корисник.	➢ >1 Mbps за Download	Квартално

ВРЕДНОСТИ НА ПАРАМЕТРИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ЗА ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ ПРЕКУ КАБЕЛСКА МРЕЖА ЗА ШИРОКОПОЈАСЕН ПРИСТАП НА ИНТЕРНЕТ			
Дефиниција	**Мерење**	**Задолжителна целна вредност**	**Период за доставување на извештај во АЕК**
Достапност на мрежа			
Достапноста на мрежата е мерка за тоа во колкав дел од времето пристапната мрежа е достапна, и е во состојба во која нема грешка и нема некој прекин во електричната енергија. Притоа се мери времето на застој на мрежата, вклучувајќи ги комутаторите, мултиплексерите и рутерите. Сите најавени прекини поради одржување и надградба на мрежата нема да се земаат во предвид.	➢ Достапност на ресурсите на пристапната мрежа	➢ > 99.9%	➢ Квартално
Латентност на мрежата			
Времетраење од моментот кога се испраќа некој податочен пакет до некој тест сервер, до моментот кога се примила потврдна порака за прием на тој пакет.	➢ Варијација на доцнењето (ms)	➢ За локален сообраќај ≤ 50ms; ➢ За интернационален сообраќај ≤ 300ms	➢ Квартално
Искористеност на опсег			
Искористеност на опсег се дефинира како однос од постигната податочна брзина и максималниот проток кој може да се овозможи преку даден канал за комуникација, преку кој операторот кој обезбедува Интернет пристап, се поврзува со некој друг оператор.	➢ Искористеност на опсег (%)	➢ ≤ 90%	➢ Квартално
Брзина на пренос на податоци преку кабелска мрежа за широкопојасен пристап на Интернет			
Брзината на пренос на податоци која се постигнува при симнување и прикачување на одредени тест фајлови помеѓу операторот и терминалниот уред на корисникот.	➢ Брзина за пренос на податоци преку кабелска мрежа за широкопојасен пристап на Интернет (kbps/Mbps);	➢ ≥512 kbps за Upload; ➢ ≥2 Mbps за Download	

ПРИЛОГ 3

Методологија за доставување на фајлови за покривање на радиокомуникациска мрежа–мапи на покривање (map coverage files)

Операторите треба да ги достават своите мапи на покривање во следниов формат:

Мапите на покривање (map coverage files) се доставуваат во електронска форма, со следниве карактеристики:

1. Номенклатура: Име на оператор_Технологија_Датум(yyyymm).zip

2. Технички карактеристики:

- Приемно ниво на сигнал (дефинирана колор карта):

  - GSM
    - Добар (RxLev>-85dBm, сина-RGB(0,0,255));
    - Прифатлив (-95dBm<RxLev≤-85dBm, зелена–RGB(0,128,128));
    - Лош (-110dBm<RxLev≤-95dBm, црвена–RGB(255,0,0));
    - Неприфатлив (RxLev≤-110dBm, транспарентна)

Дефиниција за мрежна покриеност (гранична вредност до која ќе се смета покриеност со мрежа):

- RxLev>-95dBm

  - UMTS
    - Добар (CPICH RSCP >-95dBm, светло сина-RGB(51,102,255));
    - Прифатлив (-105dBm<CPICH RSCP≤-95dBm, светло зелена–RGB(51,204,204));
    - Лош (-115dBm<CPICH RSCP≤-105dBm, црвена–RGB(255,0,0));
    - Неприфатлив (CPICH RSCP≤-115dBm, транспарентна)

Дефиниција за мрежна покриеност (гранична вредност до која ќе се смета покриеност со мрежа):

- CPICH RSCP>-105dBm и
- EcNo>-12dB

  - LTE

- Урбана средина за нивоа поголеми од -99 dBm RSRP >-99 dBm) се дефинира покриеност со сигнал (сина-RGB(0,0,255))
- Рурална средина за нивоа поголеми од -107 dBm (RSRP>-107 dBm) се дефинира покриеност со сигнал (светло сина-RGB(51,102,255))
- За останатите подрачја се дефинира подрачје без мрежна покриеност (транспарентна)

Се доставуваат две посебни мапи за урбана и рурална средина.

(ETSI TS 136 104).

- Резолуција-големина на пиксел (grid cell)=50m x 50m
- Coverage probability во самиот пиксел=мин 50% (доколку ја има оваа можност во самата апликација за планирање)
- Мапите на покривање треба да бидат пресечени со границата на Република Македонија (доколку операторот не ја поседува, истата ќе им биде доставена)
- Подлоги што треба да се користат во предикцијата на coverage фајлот се: DTM/DEM (Digital Terrain Model/Digital Elevation Model) со минимална резолуција од 50m, Radio Clutter Data за цела територија на Македонија и останати просторни податоци кои што ги има операторот, а истите би се користеле за поточна предикција на покривање

3. Податочен формат:
   - Растерски формат (Raster image или grid format)
     - ASCII txt, GeoTIFF (tiff+tfw фајл), Vertical Mapper Grid, Map Infomap
   - Проекција/Датум/Координатен систем–WGS 84, UTM 34N, метрички

